РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 03-396/1
05.04. 2021 год
ПЕХЧЕВО

# ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Равен 8 2326 Пехчево Република Северна Македонија
Тел/факс ++389 033 441 321
e-mail: opstina_pehcevo@t.mk www.pehcevo.gov.mk

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани граѓани на општина Пехчево,

Ве известуваме дека во наредните денови (од утре па натаму) ќе се отпочне со реализација на законската обврска - заловување на бездомните кучиња, односно нерегистрираните и регистрираните кучиња кои слободно шетаат по улиците.

Согласно законските одредби, сопствениците на кучиња се должни своите кучиња да ги држат во сопствените дворни места. Кучето може да се изведе надвор од дворното место само со кошница на устата и врзано со каиш придружувано од сопственикот. Сопствениците на кучиња се должни сместувањето и чувањето на кучињата да го уредат на начин што нема да пречи на мирот и спокојството на соседите и на видно место (на влезот во дворот) да постават табла за известување дека чувааат куче.

Заловувањето на бездомните кучиња, односно нерегистрираните и регистрираните кучиња кои слободно шетаат по улиците, ќе се врши од страна на квалификувани лица на избраната фирма на тендер за заловување на кучиња - АД Ветеринарно сточарски центар ТОДОР ВЕЛКОВ од Куманово, на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање.

**Трошоците за заловување и третман на регистрираните и нерегистрираните кучиња се на товар на сопствениците на кучињата**, а во случај на бездомни кучиња, товарот паѓа на општина Пехчево.

Општински комунален инспектор

С. Стојанов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ПЕХЧЕВО